РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-144/7

07-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-144/1 од 08.01.2025 година, оформен по доставена пријава против лицето ---, инспектор во Државниот инспекторат за ---, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по од причини што за предметниот случај постапил надлежен орган кој не констатирал неправилности.

Предметот со бр. 12-144/1 од 08.01.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 08.01.2025 година, поднесена е пријава против лицето ---, инспектор во Државниот инспекторат за ---и оформен е предмет бр. 12-144/1 од 08.01.2025 година.

Подносителот во пријавата наведува дека ѝ било повредено право на користење на годишен одмор од страна на нејзиниот работодавач – Министерството за ---. Откако подносителот на пријавата побарал заштита на своите права загарантирани со Законот за работни односи од страна на Државниот инспекторат за ---, од државниот инспектор за --- ---, добил Известување бр. --- од 18.11.2024 година, во кое било наведено дека нејзините права можела да ги оствари пред надлежен суд, констатација која според подносителот е спротивна на Законот за инспекциски надзор.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК побара податоци и информации од Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија.
Инспекцискиот совет достави известување до ДКСК дека веќе постапувал по однос на горенаведениот предмет врз основа на доставена претставка од истото лице коешто поднело пријава до ДКСК. Имено, Инспекцискиот совет на ----та седница одржана на 13.02.2025 година ја разгледало претставката во која биле изнесени наводи за можни неправилности во работењето на Државниот инспектор за --- ---, кој постапувал по предметот со бр. ---од 18.11.2024 година и донел заклучок дека од севкупната анализа на актите кои произлегуваат од постапувањето на горенаведениот инспектор, наводите од претставката не биле основани при што претставката се сметала за затворена.

Имајќи предвид дека согласно член 18 став 1 точка 15 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019, 272/2024 и 22/2025), Инспекцискиот совет постапува по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и/или субјектите на инспекциски надзор, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, бидејќи за предметниот случај постапил надлежен орган – Инспекцискиот совет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата